Врз основа на член 23 став (1) точка 2 алинеја 1 од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година и бр.01-374/6 од 19 март 2019 година и член 45а од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 219/19, 19/22 и 197/22) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 септември 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА КОРЕКЦИЈА НА ПРОГНОЗИРАНИТЕ КОЛИЧИНИ НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА МЕРНО МЕСТО ЗА ПРЕТСТОЈНАТА ГРЕЈНА СЕЗОНА ЗА АВАНСНИТЕ ПРЕСМЕТКИ**

1. Се ЗАДОЛЖУВА Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје да го примени член 45а од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија

2. Задолжувањето од точка 1 од оваа одлука е со цел во авансните фактури за топлинска енергија во грејната сезона 2022/2023, почнувајќи од месец август 2022, да се изврши корекција на прогнозираните количини на топлинска енергија на мерно место којашто ќе обезбеди износите на новите авансни фактури за топлинска енергија во претстојната грејна сезона да бидат повисоки од соодветните авансни фактури за топлинска енергија во изминатата грејна сезона во согласност со промената на тарифните ставови во одлуката од јули 2022 година, со која беше извршено зголемување на надоместокот за топлинска енергија, во однос на одлуката од јануари 2022 година.

3. Оваа одлука се доставува до Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“, и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 7 и член 29 став (1), од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), донесе Тарифен систем за изменување на Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија Бр.01-2180/1 од 9 септември 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 197/22).

Со измената на Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија, со воведување на нов член 45а, се даде можност на снабдувачот со топлинска енергија да изврши корекција на прогнозираните количини на топлинска енергија на мерно место за претстојната грејна сезона за авансните пресметки, по претходно одобрение, односно задолжение од Регулаторната комисија за енергетика.

Имајќи ги во предвид одредбите од член 45а од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија, Регулаторна комисија за енергетика утврди дека е потребно да го задолжи Друштвото за снабдување со топлинска енергија СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје да го примени член 45а од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија, со цел во авансните фактури за топлинска енергија во грејната сезона 2022/2023, почнувајќи од месец август 2022, да се изврши корекција на прогнозираните количини на топлинска енергија на мерно место којашто ќе обезбеди износите на новите авансни фактури за топлинска енергија во претстојната грејна сезона да бидат повисоки од соодветните авансни фактури за топлинска енергија во изминатата грејна сезона во согласност со промената на тарифните ставови во одлуката од јули 2022 година, со која беше извршено зголемување на надоместокот за топлинска енергија, во однос на одлуката од јануари 2022 година.

Регулаторната комисија за енергетика согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа донесе Решение бр.02-2183/2 од 12 септември 2022 година, со кое одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 Бр. 12-2202/22**
**12 септември 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**